Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-527/5

13-11-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-527/1 од 24.6.2025 година поднесена од ---------, против Министерство за --------- на Република Северна Македонија, со адреса на --------- во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за --------- на Република Северна Македонија врз --------- врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-527/1 од 24.6.2025 година, од страна на ---------, против Министерство --------- на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен како ---------. Се жали на дискриминаторски третман од страна на надредените структури во Министерството за ---------, како и од страна на одговорните лица за распоред на работни задачи во ---------.

Имено, наведува дека дискриминацијата се должи на неговото синдикално делување како ---------, која е синдикална организација во рамките на ---------, како репрезентативен синдикат во рамките на Министерството, а поради неговата комуникација со министерот. За министерот наведува дека е единствен министер за --------- до сега кој не одговорил на ниту еден допис на Синдикатот и одбива да има било каква комуникација со нив. Исто така наведува дека од страна на Синдикатот на 16.5.2025 година било поднесено официјално барање за негово разрешување. Истакнува дека е единствен --------- во државата кој е распореден да извршува работни задачи од месец јуни 2025 година со работно време од понеделник до петок од 08.00 часот до 16.00 часот, со единствена цел да биде ставен во понеповолна положба од останатите вработени и да му се нанесе материјална штета со тоа што неговата плата ќе биде преполовена поради губењето на додатоците за работа во смени, работа ноќе, за време на викенд, празник, итн.

Ваквиот третман наведува дека не е заснован на никаква професионална, оперативна или безбедносна потреба, претставува целосно отстапување од стандардната сменска организација на работата, која важи за сите останати ---------, вклучително дури и за ---------, го става во финансиски и професионален хендикеп со тоа што му се ускратуваат додатоците за сменска работа, ноќни часови, дежурства и други права кои произлегуваат од природата на работата на --------- и последно, се појавува исклучиво по неговото синдикално дејствување, што смета дека е облик на институционална одмазда.

<u>Во прилог на претставката беше доставено</u>:

---------

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.6.2025 година испрати Известување бр. 08-527/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за ---------.

На ден 31.7.2025 година подносителот на претставката достави дополнителни докази по претставката, заведени во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација под бр. 08-527/3, и тоа:

1. Пресметка на плата за месец јуни 2025 година, од која како што наведува е видно дека воопшто не е ангажиран за сменска работа, со што му е нанесена материјална штета
2. Јавен оглас објавен од страна на Министерството, во кој е наведено дека вработените во --------- работата ја извршуваат во три смени.

На ден 4.8.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување, како одговор на претставката, од страна на Министерството за --------- Сектор за --------- заведен во Комисијата под бр. 08-527/4.

Во произнесувањето најпрво известуваат дека работните обврски на ---------, вклучително и распоредувањето на смени и работа во неработни денови, се уредени согласно:

- Законот за ---------, кој предвидува дека --------- врши надзор над --------- преку редовни и вонредни контроли, според годишен план за работа
- Правилникот за систематизација на работните места
- Годишниот распоред на дежурства и смени, кој се подготвува од страна на овластено лице во организацијата, согласно со потребите на службата.

Наведуваат дека во конкретниот случај, распоредот на подносителот на претставката бил изготвен врз основа на објективни критериуми: службени потреби, расположлив кадар, годишен план за активностите, користење годишен одмор, отсуства, како и други законски дозволени основи, Притоа, наведуваат дека нема докази дека тој бил

изземен од работа за време на празници или смени по неоснован или дискриминаторски критериум.

Дополнително истакнуваат дека --------- во работењето доследно се придржува до одредбите од Законот за работните односи и Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што постапуваат со целосна еднаквост кон сите вработени.

Од наводите во претставката и нејзиното дополнување, како и доставениот одговор на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација, односно утврди дека не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што **се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација, пак, е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Во конкретниот случај, Комисијата констатира дека не станува збор за повреда на право или ограничување на одредено право на подносителот врз основа на неговото членство во синдикат, односно дека не постоел различен или понеповолен третман кон него во однос на останатите вработени по тој основ, со што не може да биде воспоставена каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и наводната повреда.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека не била сторена дискриминација од страна на Министерство за --------- на Република Северна Македонија врз --------- врз основа на членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов